## *ВОВЕД ВО СОЦИОЛОГИЈАТА, Д-р Ѓорѓи Тоновски НИО "Студентски збор", Скопје, 1995 година*

Појавата на книгата "*Вовед во социологијата*" од д-р Ѓорѓи Тоновски, несомнено е настан кој е заслужува внимание и тоа од најмалку две основни причини: **прво,** затоа што тоа е еден од напорите студентите кои во наставните програми го изучуваат предметот "Социологија" да добијат прирачник кој ќе им помага во совладувањето на категоријалниот апарат на оваа наука и, **второ,** што истата претставува финален производ на долгогодишната педагошка и истражувачка активност на авторот. Но појавата на ова издание е и потврда дека се сѐ поприсутни истражувачи кои од различни агли, особено од социолошки аспект ги расветлуваат општествените феномени.

Книгата "Вовед во социологијата" е претставена на 304 страници. Материјата е изложена во 16 глави. Со својата структура книгата несомнено е концентрирана да обезбеди содржини за втемелување на основните сознанија од областа на социологијата, но и го изразува авторовиот приод во третирањето на низа општествени феномени, за кои повеќе или помалку се спорат социолозите од поедини становишта.

Првиот дел од книгата е насловен со "Развојот на општествената мисла низ човековата историја". Во неа низ сумарен преглед е претставена "интелектуалната заоставштина" - како нагласува авторот, - класифицирана низ четири главни периоди: -античка, средновековна, општествена мисла во времето на хуманизмот и ренесансата и периодот на современата општествена мисла. Во претставувањето на овој дел од "Воведат" истакнато место зазема придонесот на одреден број автори кои ги поставија темелите на новата наука за општеството, односно посебно е разработен придонесат на Огист Конт, Херберт Спенсер, Карл Маркс, Емил Диркем и Макс Вебер. Во тој контекст авторот не запознава со четирите фази на развојот на социолошката мисла. Така, првата фаза се однесува од предисторијата до некаде меѓу 1750 или 1850 година, односно до објавувањето на "Духот на законите" од Монтескје до појавата на трудот на Конт и раните трудови на Спенсер и Маркс. Втората фаза се однесува на периодот на конституирањето на социологијата како посебна општествена наука и се протега од втората половина на XIX век и почетокот на XX век. Третата фаза на развојот на социолошката мисла го опфаќа периодот меѓу двете светски војни и се протега некаде до 1960 година. И последната, четврта фаза се однесува на развојот по 1960 година до денес. Во

тој контекст се укажува на развојот на социолошката мисла во поедини земји како што се Германија, Италија, Белгија, САД и Велика Британија. При тоа на сумарен начин се прави преглед на главните носители на развојот на социолошката мисла. Во таа смисла отсуствува напорот на авторот да соопшти елементи кои ќе укажуваат на развојот на социолошката мисла во Македонија. Несомнено е дека во развојот на општествената мисла, а во тие рамки и на развојот на социолошката мисла, полвековниот развој е краток период, но несомнено е неопходно да се назначат почетоците и втемелувачите на оваа научна дисциплина кај нас.

Во втората глава "Теоретските ориентации во социолошката мисла" се претставени основните стојалишта на (а) функционалистичката, (б) марксистичката и (в) теоријата на симболичката интеракција. Содржините на овие групи теории се претставени во рамки со кои може да се обезбедат основни сознанија за темелните вредности на изложените теориски ориентации. Главно станува збор за противречни периоди – како што нагласува авторот – со кои се прават обиди да се објасни или организира социолошката материја.

Посебна глава од ова издание е посветено на општеството како предмет на проучување при што се укажува на неговата комплексност. И како што укажува Лендис поимот општество упатува на човековата асоцијација и на постоењето на општествени односи. Во продолжение но, структурирано како посебна глава, авторот не запознава со конститутивните елементи на општеството. Својата расправа ја започнува со природната средина и во тие рамки го истражува односот на човекот кон природата, потоа проблемот на урбанизацијата, па се задржува на проблемот на населението. Посебен елемент на општеството е начинот на комуникација и организација. Модерниот живот – истакнува авторот – веќе не може да се замисли без многубројните организации. Тие ги имаат покриено сите сфери на општествениот живот и труд.

Во шестата глава се расправа за "општествената структура" како еден од централните концепти во социологијата. Во таа смисла авторот истакнува дека "социолозите веќе не се сомневаат во сознанието дека општеството не е 'рамна површина', туку дека е сложена целина која е составена од бројни елементи. Недоумиците настануваат при настојувањето да се определат елементите на ваквата сложена целина, односите меѓу нив, како и местото, улогата и функцијата на секој од нив поодделно во оваа целина. Така според одреден број на автори таа ја опфаќа мрежата од канали низ кои луѓето, без разлика дали како поединци или, пак, припадници на некоја група, се поврзуваат меѓу себе во целина или некој дел.

Таквата определба претпоставува дека елементите на општествената структура ќе се статусот, улогата, групата и институцијата.

Седмата глава е посветена на политиката како специфична општествена активност. Во овој дел се обработуваат политиката и нејзините институции, државата, облиците на државата, државата и моќта, политичките партии, општествените движења, моќта како реална општествена категорија, влијанието и власта и се укажува на некои од теориите за моќта. Централната улога на политиката може да се парафразира низ задачите на политичкиот систем според која тој има задача: а) да создаде заеднички политички идентитет, б) да ја воспостави и зацврсти моќта, в) да воспостави легитимната власт и г) да овозможи произведување и дистрибуција на стоки и услуги.

Во овој дел посебно внимание се посветува на политичките партии. Тие имаат тројна улога во политичкиот процес, односно а) се организатори на изборниот процес, б) сублиматори и афирматори на политичката идеологија и в) се фактички носители на политичката власт. Во тој контекст и се наведуваат општествените функции на политичките партии кои можат наједноставно да се сведат на следните општествени функции: а) идеолошка, б) кадровска, в) интегративна, г) творци на јавното мислење, д) преставничка функција.

Соодветно место Тоновски посветува на проблемите на културата, воспитанието и образованието и на науката. Во посебни целини тој разработува дел од општите проблеми на културата, а особено се задржува на компонентите на нематеријалната култура, при што вниманието го насочува на нормите, симболите и вредностите. Со нормите како правила и насоки се определуваат општествено оправданите и посакувани однесувања на луѓето. Тие се разработуваат низ обичаите, правилата, правото, симболите и вредностите.

Образованието и воспитанието како социолошки феномен се третираат во контекстот на обезбедувањето на континуитет на социјалитетот на културата, со цел да се обезбеди формирање на личност, односно човекот да стане еден организиран систем од мислења, чувства и постапки. Составен дел на таквиот процес е социјализацијата како процес на континуиран развој на личноста, прифаќањето на влијанијата на општествената средина врз неа и низ процесот на стекнувања на своите емоции, мислења и чувство за идентитетот. Преку неа врз човекот се пренесуваат основните содржини на културата кои се неопходни за неговото ефикасно

учество во животот на општеството. Во тесна врска со овој процес е процесот на образованието.

Науката во книгата е третирана како креација на човековиот ум, но и како фактор на општествениот развој. Нејзиното појавување во човековата историја го означува доаѓањето на рационалниот период и периодот на мултиплицирањето на човечката моќ во однос на природата. Науката како релативно нова општествена појава е условена од повеќе општествени фактори, меѓу кои доминантно влијание имаат: а) достигнатиот степен на општествената поделба на трудот која овозможи издвојување на една група на луѓе која ќе може да се занимава со научно промислување на природните и општествените појави, б) достигнатиот степен на општествена свест и практика, како и акумулираното знаење ги продлабочуваат човековите сознанија за природата и општеството и в) потребата од примена во практичната дејност на вистинитите сознанија за општествените и природните законитости.

Религијата како стара "придружничка" на човекот во текот на неговата еволуција се третира низ расправата за повеќе нејзини аспекти. Тоа еден од социолошките феномени кој во последните години кај нас постанува предмет на одделни истражувања, но и на пошироки интересирања.

Проблемот на општествените групи Тоновски го актуелизира низ определувањето на поимот група како "збир на луѓе кои имаат определени заеднички карактеристики" и меѓу нив ги наведува а) структурата, б) историјата, в) меѓузависноста и г) заедничкиот (групен) идентитет. Во тој контекст тој под општествена група подразбира како "збир на луѓе" меѓу кои: а) постојат определени востановени стабилизирани врски кои нив ги обединуваат, б) во кои луѓето се идентификуваат и содејствуваат, в) се свесни за постоењето на самата група и за нејзините симболи, г) во кој обединувањето се врши на организиран и структуиран начин и д) кои се обеди-нуваат врз основа на прифатени заеднички вредности и цели и се залагаат за нивното остварување.

Во тој контекст се расправа за семејството како една од најстарите и најзначајни општествени групи и за општествената нееднаквост која му дава белег на досегашниот развој на цивилизацијата. Составен дел на оваа расправа е и проблемот на социјалната стратификација која се подразбира како "изграден систем на општествени односи во кои луѓето хиерархиски се рангирани меѓу себе според критериумот на поседување (или непоседување) на општествените ресурси (материјални и статусни)". Посебно внимание во овој дел им се посветува на теориите за

стратификацијата, при што се укажува на елементите на функционалистичката и теоријата на конфликтот.

Посебен дел е посветен на општествените промени кои се состојат во континуираниот процес на трансформацијата на општеството со кој се опфатени деловите на општествената структура (од економската сфера, или сферата на трудот до сферата на идеите и модалитетите на однесување на луѓето) како и самиот начин на организирање на општеството.

Завршната расправа на оваа книга е посветена на девијантното однесување во општеството. Притоа се укажува на моделите на прилагодувањето на личноста во врска со постигнувањето на целите, како и на средствата кои се користат за нивното остварување.

Книгата "Вовед во социологијата" од д-р Ѓорѓи Тоновски, несомнено е видлив и организиран напор на авторот на читателот да му даде можност да се запознае со категоријалниот апарат на социологијата. Таа како и секој "вовед" опфаќа бројни категории кои се предмет на интересот на поедини научни дисциплини. Имено, таа е значаен прирачник кој ќе им послужи на идните читатели поедноставно да се вклучат во поимањето на општествените процеси и состојби и да им обезбедат знаења за успешно следење на сложените процеси во општествата денес.

**Д-р Цане Мојаноски**